1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51
2

СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 26 ноември 1982
БЕЛГРАД
БРОЈ 71 ГОД. XXXVIII

цена на овој број е 40 динари. — Претплатата за 1982 година изнесува 1.140 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића број 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-135; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**764.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЦА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат пченица сами или во кооперација со индивидуалните производители, како и на индивидуалните производители што пченицата ја продаваат преку организациите на здружен труд (во натамошниот текст: производители) за пченицата од родот на 1983 година им се обезбедуваат заштитни цени и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) пченица од I класа | 13,00 |
| 2) пченица од II класа | 12,00 |
| 3) пченица од III класа | 11,00 |

Заштитните цени од став 1 на оваа точка ќе се применуваат врз количините на пченица од родот на 1983 година што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат за пченицата испорачана во месец јули. За секој наредан месец, почнувајќи од месец август, а заклучно со месец мај наредната година, цените се зголемуваат за 0,063 динари за килограм.

Во месец јуни се применуваат цените од месец мај.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко вагон натоварна станица на производителот, франко магацин железничка станица на производителот или франко магацин на мелницата во местото на производителот за производителите што се занимаваат со производство на пченица сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители — по избор на купувачот, а за индивидуалните производители — франко магацин на организацијата на здружен труд на која пченицата ѝ ја продаваат.

4. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за пченица зрела, здрава, без знаци на мувла и туѓ вкус и миризба, употреблива за човечка исхрана, незаразена со пченични болести и штетници, со 76 kg хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистотија и со 13% влага, и тоа за пченица од:

1) I класа — ако содржи најмалку 13% сурови протеини и седиментациона вредност најмалку 40;

2) II класа — ако содржи најмалку 11,5% сурови протеини и седиментациона вредност најмалку 30;

3) III класа — ако содржи најмалку 10% сурови протеини и седиментациона вредност најмалку 18.

5. Ако пченицата има поголем или помал процент на уродица, нечистотија или влага од оној што е предвиден во точка 4 на оваа одлука, цената за процентот на уродица, нечистотија или влага ќе се намали, односно зголеми за истиот процент. Кршените зрна помали од половина се сметаат како уродица.

Ако пченицата има поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точка 4 на оваа одлука, заштитната цена се зголемува, односно се намалува за 0,5% за секој килограм, над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се земаат предвид. За пченица која има хектолитарска тежина поголема од 80 kg ќе се смета дека има хектолитарска тежина од 80 kg.

За пченица која има процент на влага од 14% цената ќе се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор помеѓу производителот и купувачот.

За гламносаност на пченицата во поголем степен и за замачканост и запаленост на пченицата цената ќе се намали до 5%.

6. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат пченица од родот на 1983 година по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и преработка на пченица — а до количините што договорно се утврдуваат со билансите на основните земјоделски производи на републиките, односно на автономните покраини, а над тие количини откуп ќе врши Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекција).

Врз основа на билансите, со договорот на Дирекцијата, на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини се утврдува начинот на реализацијата на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени според став 1 на оваа точка се регистрираат кај надлежните организации за резерви на републиките односно на автономните покраини на чија територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрација на договорите е 15 дена од денот на влегувањето на оваа одлука во сила.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 494
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**765.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЦА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдуваат производителски продажни цени за пченица од родот на 1983 година, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) пченица од I класа | 13,00 |
| 2) пченица од II класа | 12,00 |
| 3) пченица од III класа | 11,00 |

Цените од став 1 на оваа точка служат како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за договарање на производството, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработка на пченица.

Цените од став 1 на оваа точка се подразбираат за пченицата испорачана во месец јули. За секој нарсден месец, почнувајќи од месец август, а заклучно со месец мај наредната година, цените се зголемуваат за 0,063 динари за килограм.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко вагон натоварна станица на производителот, франко магацин железничка станица на производителот или франко магацин на мелниците за производителите што се занимаваат со производство на пченица сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители — по избор на купувачот, а за индивидуалните производители — франко магацин на организацијата на здружен труд што врши откуп.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за пченица зрела, здрава, без знаци на мувла и туѓ вкус и миризба, употреблива за човечка исхрана незаразена со пченични болести и штетници, со 76 кг хектолитарска тежина, 2% уродица и нечистотија и 13% на влага и тоа за пченица од:

1) I класа — ако содржи најмалку 13% сурови протеини и седиментациона вредност најмалку 40,

2) II класа — ако содржи најмалку 11,5% сурови протеини и седиментациона вредност најмалку 30%;

3) III класа — ако содржи најмалку 10% сурови протеини и седиментациона вредност најмалку 18.

4. Ако пченицата има поголем или помал процент на уродица, нечистотија или влага од оној што е предвиден во точка 3 на оваа одлука, цената за процентот на уродица, нечистотија или влага ќе се намали, односно ќе се зголеми за истиот процент. Кршените зрна помали од половина се сметаат како уродица.

Ако пченицата има поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точка 3 на оваа одлука, продажната цена се зголемува, односно се намалува за 0,5% за секој килограм над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се земаат предвид. За пченица која има хектолитарска тежина поголема од 80 kg. се смета дека има хектолитарска тежина од 80 kg.

За пченица која има процент на влага поголем од 14% цената ќе се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор помеѓу производителот и купувачот.

За гламносаност на пченицата во поголем степен и за замачканост и запаленост на пченицата цената ќе се намали до 5%.

5. Купувачите и производителите со договор ги регулираат роковите за преземање и другите услови за испорака на пченицата.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 488
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**766.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНАТА ЦЕНА ЗА ПЧЕНКА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат пченка сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители и на индивидуалните производите што пченката ја продаваат преку организациите на здружен труд (во натамошниот текст: производители) за пченката од родот на 1983 година им се обезбедува заштитна цена од 9,27 динари за еден килограм.

Заштитната цена од став 1 на оваа точка ќе се применува на количините на пченка од родот на 1983 година што производителите ќе им ги нудат на организациите за резерви во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Цената од точка 1 став 1 на оваа одлука, се подразбира за пченка испорачана во септември, октомври и ноември 1983 година. Таа цена се зголемува за секој нареден месец, почнувајќи од декември 1983 година до мај 1984 и тоа за 0,063 динари за еден килограм пченка. Во јуни, јули и август 1984 година се применува цената од месец мај.

3. Цената од точка 1 став 1 на оваа одлука се подразбира франко вагон натоварна станица на производителот, франко магацин железничка станица на производителот или франко магацин на мел-

ницата за производителите што се занимаваат со производство на пченка сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители — по избор на купувачот, а за индивидуалните производители — франко магацин на организацијата на здружен труд на која ѝ ја продаваат пченката, и тоа за пченка зрела, здрава без знаци на мувла и без туѓ вкус и миризба, употреблива за човечка исхрана, односно за добиточна исхрана, незаразена со житни болести и штетници, квалитет во зрното — со 14% влага, до 2% дефектни зрна и други примеси и до 4% кршени зрна. Процентот на кршените зрна се утврдува со решетање низ сито чии отвори се со пречник од 5 mm.

4. Ако пченката има поголем или помал процент на влага од процентот што е предвиден во точка 3 на оваа одлука, заштитната цена за процент на влага под или над предвидениот процент ќе се намали, односно ќе се зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид.

Ако пченката има процент на влага поголем од 14,5% цената ќе се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор склучен помеѓу производителот и купувачот.

Ако пченката има процент на дефектни зрна и други примеси поголем од 2%, цената ќе се намали сразмерно со зголемувањето на процентот на дефектни зрна и на други примеси. Дропките се земаат предвид.

Ако пченката има поголем процент кршени зрна од 4%, цената ќе се намали за процентот на кршени зрна и тоа за 0,25% за секој процент кршени зрна.

5. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат пченка од родот на 1983 година по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и преработка на пченка — а до количините што договорно се утврдуваат со билансот на основните земјоделски производи на републиките, односно на автономните покраини, а над тие количини откуп ќе врши Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договорот на Дирекцијата, на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини се утврдува начинот на реализацијата на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени според став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежната организација за резерви на републиката, односно на автономната покраина на чија територија е седиштето на производителот.

Рок за регистрација на договорите е 30 дена од денот на влегувањето на оваа одлука во сила.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 502
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**767.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКАТА ПРОДАЖНА ЦЕНА ЗА ПЧЕНКА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдува производителската продажна цена од 10,30 динари за пченка од родот на 1983 година, која служи како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за договарање на производството, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработка на пченка.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се однесуваат на пченката испорачана во септември, октомври и ноември 1983 година. Таа цена се зголемува за секој наредан месец, почнувајќи од декември 1983 година, па до мај 1984 година, и тоа за 0,063 динари за еден килограм пченка. Во јуни, јули и август 1984 година се применуваат цените од месец мај.

3. Цената од точка 1 на оваа одлука се подразбира франко вагон натоварна станица на производителот, франко магацин на железничката станица на производителот или франко магацин на мелницата, во местото на производителот за производителите што се занимаваат со производство на пченка сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители, а за индивидуалните производители — франко магацин на организацијата на здружен труд што врши откуп, и тоа за пченка зрела, здрава, без знаци на мувла и без туѓ вкус и миризба, употреблива за човечка исхрана, односно за добиточна исхрана, незаразена со житни болести и со штетници, квалитет во зрното — со 14% влага до 2% дефектни зрна и други примеси и до 4% кршени зрна. Процентот на кршените зрна се утврдува со решетање низ сито чии отвори се со пречник од 5 mm.

4. Ако пченката има поголем или помал процент на влага од процентот што е предвиден во точка 3 на оваа одлука, цената за процентот на влагата под или над предвидениот процент ќе се намали, односно ќе се зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид.

Купувачите можат, по исклучок, да преземаат и пченка што има процент на влага поголема од 14,5%, со тоа што цените од точка 1 на оваа одлука за таква пченка ќе се намалат и за трошоците на сушењето. Трошоците за сушењето се утврдуваат со договор склучен меѓу производителот и купувачот. Ако пченката има процент на дефектни зрна и други примеси поголем од 2%, цената ќе се намали сразмерно со зголемувањето на процентот на дефектни зрна и на други примеси. Дропките се земаат предвид. Ако пченката има поголем процент кршени зрна од 4%, цената ќе се намали и тоа за 0,25% за секој процент на кршени зрна.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 500
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**768.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНИТЕ ЦЕНИ ЗА ОРИЗОВА АРПА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат оризова арпа сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители (во натамошниот текст: производители) за оризовата арпа од родот на 1983 година им се обезбедуваат заштитни цени и тоа:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) за I класа | 22,85 |
| 2) за II класа | 22,10 |
| 3) за III класа | 21,00 |

Заштитните цени од став 1 на оваа точка ќе се применуваат врз количините на оризова арпа што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко вагон натоварна станица на производителот, франко магацин железничка станица на производителот или франко магацин на мелницата — по избор на купувачот, и тоа за оризова арпа потполно зрела, здрава, без дефектни и оштетени зрна, незаразена со болести или штетници, од следниот квалитет:

1) за I класа — од иста сорта, со најмногу 3% црвени зрна, 2% примеси и нечистотија и 15% влага;

2) за II класа — од иста сорта, со најмногу 15% црвени зрна, 2% примеси и нечистотија и 15% влага;

3) за III класа — од разни сорти, со над 15% црвени зрна, 2% примеси и нечистотија и 15% влага.

3. Ако оризовата арпа има процент на примеси и нечистотија или на влага поголем од процентот од точка 2 на оваа одлука, цената за секој поголем, односно помал процент на примеси и нечистотија или на влага ќе се намали, односно ќе се зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид.

4. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат оризова арпа од родот на 1983 година по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и преработка на оризова арпа — а до количините што договорно се утврдуваат со билансите на основните земјоделски производи на републиките, односно на автономните покраини, а над тие количини откуп ќе врши Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договорот на Дирекцијата, на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини се утврдува начинот на реализацијата на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени според став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежната организација за резерви на републиката, односно на автономната покраина на чија територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрација на договорите склучени според став 1 на оваа точка е 30 дена од денот на влегувањето на оваа одлука во сила.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 492
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**769.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОРИЗОВА АРПА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдуваат производителски продажни цени за оризова арпа од родот на 1983 година и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) оризова арпа од I класа | 25,40 |
| 2) оризова арпа од II класа | 24,60 |
| 3) оризова арпа од III класа | 23,30 |

Цените од став 1 на оваа точка служат како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките во репродукционите целини, односно за договарање на производството, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработка на оризова арпа.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко вагон натоварна станица на производителот, франко магацин железничка станица на производителот или франко магацин во местото на производителот за производителите што се занимаваат со производство на оризова арпа сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители — по избор на купувачот, а за индивидуалните производители — франко магацин на организацијата на здружен труд која врши откуп, и тоа за оризова арпа потполно зрела, здрава, без дефектни и оштетени зрна, незаразена со болести или штетници со следниот квалитет:

1) за I класа — од иста сорта, со најмногу 3% црвени зрна, 2% примеси и нечистотија и 15% влага;

2) за II класа — од иста сорта, со најмногу 15% црвени зрна, 2% примеси и нечистотија и 15% влага;

3) за III класа — од разни сорти, со над 15% црвени зрна, 2% примеси и нечистотија и 15% влага.

3. Ако оризовата арпа има процент на примеси и нечистотии или на влага поголем или помал од процентот од точка 2 на оваа одлука, цената за секој поголем, односно помал процент на примеси и нечистотии или на влага ќе се намали, односно зголеми за ист процент. Дропките се земаат предвид.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 501
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**770.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНИТЕ ЦЕНИ ЗА СОНЧОГЛЕД, СОЈА И МАСЛОДАЈНА РЕПКА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат сончоглед, соја и маслодајна репка сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители (во натамошниот текст: производители) за сончоглед, соја и маслодајна репка од родот на 1983 година им се обезбедуваат заштитни цени, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) сончоглед | 22,50 |
| 2) соја | 22,70 |
| 3) маслодајна репка | 19,80 |

Цените од став 1 на оваа точка ќе се применуваат на количините сончоглед, соја и маслодајна репка од родот на 1983 година што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви, во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за:

1) сончоглед што содржи 40% масло, 11% влага и 3% нечистотија;

2) соја што содржи 13% влага и 2% нечистотија;

3) маслодајна репка што содржи 7% влага и 2% нечистотија.

За сончогледот за секој процент содржина на масло над или под 40%, цената од точка 1 на оваа одлука се зголемува или се намалува за 0,5625 динари за еден килограм.

За секој процент влага над или под 11% и за секој процент нечистотија над или под 3% за сончоглед, за секој процент влага над или под 13%, 2% нечистотија за соја, и за секој процент влага над или под 7% и 2% нечистотија за маслодајна репка, цените се зголемуваат или се намалуваат за 1% во однос на цената од точка 1 на оваа одлука за еден килограм сончоглед, соја и маслодајна репка.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат за еден килограм сончоглед, соја и маслодајна репка, франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, по избор на купувачот.

4. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат сончоглед, соја и маслодајна репка од родот на 1983 година по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и со преработка на сончоглед, соја и маслодајна репка — а до количините што договорно се утврдуваат со билансите на основните земјоделски производи на републиките, односно на автономните покраини, а над тие количини откуп ќе врши Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договорот на Дирекцијата, на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини, се утврдува начинот на реализацијата на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите на организациите за резерви, склучени според став 1 на оваа точка се регистрираат кај надлежните организации за резерви на републиките односно на автономните покраини на чија територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрација на договорите е 30 дена од денот на влегувањето на оваа одлука во сила.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 493
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**771.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА СОНЧОГЛЕД, СОЈА И МАСЛОДАЈНА РЕПКА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдуваат производителски продажни цени за сончоглед, соја и маслодајна репка од родот на 1983 година, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) сончоглед | 25,00 |
| 2) соја | 25,20 |
| 3) маслодајна репка | 22,00 |

Ценитe од став 1 на оваа точка ќе служат како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини односно за договарање на производството, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработка на сончоглед, соја и маслодајна репка.

Ценитe од став 1 на оваа точка се подразбираат за еден килограм сончоглед, соја и маслодајна репка франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, по избор на купувачот.

2. Ценитe од точка 1 на Одлуката важат за:

1) сончоглед што содржи 40% масло, 11% влага и 3% нечистотија;

2) соја што содржи 13% влага и 2% нечистотија;

3) маслодајна репка што содржи 7% влага и 2% нечистотија.

За секој процент на содржината на мало над или под 40%, производителската продажна цена на сончогледот се зголемува, односно се намалува за 0,625 динари за еден килограм.

За секој процент на влага над или под 11% и за секој процент на нечистотија над или под 3% за сончоглед, за секој процент на влага над или под 13% и за секој процент нечистотија над или под 2% за соја и за секој процент влага над или под 7% и за секој процент нечистотија над или под 2% за маслодајна репка, цените се зголемуваат, односно се намалуваат за 1% во однос на цената од точка 1 на оваа одлука за еден килограм сончоглед, соја, односно маслодајна репка.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 498
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**772.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ". бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНАТА ЦЕНА ЗА ШЕЌЕРНА РЕПКА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат шеќерна репка сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители (во натамошниот текст: производители) за шеќерната репка од родот на 1983 година им се обезбедува заштитна цена од 2,25 динари за еден килограм.

Заштитната цена од став 1 на оваа точка ќе се применува на количините на шеќерна репка од родот на 1983 година што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Цената од точка 1 на оваа одлука важи за шеќерна репка со дигестија од 15,5%. За секој процент на дигестија поголем или помал од 15,5%, цената од точка 1 на оваа одлука се зголемува, односно се намалува за 0,1452 динари за еден килограм.

Цената од точка 1 на оваа одлука важи за чиста шеќерна репка, по одбивање на тежината на туѓи примеси, земја и неисправно отсечени глави, лисја, жилички и опавчиња, франко натоварна станица во местото на производителот, а по избор на купувачот, покрај железничка, бродска, односно камионска рампа, кеј или дигалка, подготвена за натовар во превозно средство.

3. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат соодветни количини на шеќерна репка според цените на шеќерната репка од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите на шеќерна репка и шеќер и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на шеќер а до количините што договорно се утврдуваат со билансите на основите земјоделски производи на републиките односно на автономните покраини, а над тие количини откуп ќе врши Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договор на Дирекцијата, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини се утврдува начинот на реализација на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени според став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежната организација за резерви на републиката, односно на автономната покраина на чијашто територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрација на договорите склучени според став 1 на оваа точка е 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 491
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган,** с. р.

**773.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКАТА ПРОДАЖНА ЦЕНА ЗА ШЕЌЕРНА РЕПКА ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдува производителска продажна цена од 2,50 динари за шеќерна репка од родот на 1983 година, што служи како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за договарање на производство, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработка на шеќерна репка.

2. Цената од тачка 1 на оваа одлука важи за шеќерна репка со дигестија од 15,5%. За секој пел процент на дигестија поголем или помал од 15,5%, цената од точка 1 на оваа одлука се зголемува, односно се намалува за 0.1613 динари за еден килограм, со тоа што дропките се земаат предвид.

3. Цената од точка 1 на оваа одлука важи за шеќерна репка, по одбивање на тежината на туѓи примеси, земја и неисправно отсечени глави, лисја, жилички и опавчиња, франко натоварна станица во местото на производителот, а по избор на купувачот, покрај железничка, бродска, односно камионска рампа, кеј или дигалка, подготвена за натовар во превозно средство.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 490
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган,** с. р.

**774.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНИТЕ ЦЕНИ ЗА СУРОВ ПАМУК ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат суров памук сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители (во натамошниот текст: производителите) за суровиот памук од родот на 1983 година им се обезбедуваат заштитни цени, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) I класа, со просечен рандман 31 | 51,65 |
| 2) II класа, со просечен рандман 30 | 43,25 |
| 3) III класа, со просечен рандман 30 | 41,00 |
| 4) IV класа, со просечен рандман 28 | 39,50 |

Заштитните цени од став 1 на оваа точка ќе се применуваат на количините на суров памук од родот на 1983 година, што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко откупно место на производителот, а важат за суров памук со 8,5% влага.

3. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат суров памук од родот на 1983 година, по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и преработка на суров памук — а до количините што договорно се утврдуваат со билансите на основните земјоделски производи на републиките, односно на автономните покраини, а над тие количини откуп ќе врши Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договор на Дирекцијата, на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини се утврдува начинот на реализацијата на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени според став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежната организација за резерви на републиката односно на автономната покраина на чијашто територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрација на договорите е 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 489
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган,** с. р.

**775.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА СУРОВ ПАМУК ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдуваат производителски продажни цени за суров памук од родот на 1983 година, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) суров памук од I класа, со просечен рандман 31 | 57,40 |
| 2) суров памук од II класа, со просечен рандман 30 | 48,10 |
| 3) суров памук од III класа, со просечен рандман 30 | 45,65 |
| 4) суров памук од IV класа, со просечен рандман 28 | 44,00 |

Цените од став 1 на оваа точка служат како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за договарање на производството, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработка на суров памук.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко откупно место на производителот и важат за суров памук со 8,5% влага.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 497
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**776.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНАТА ЦЕНА ЗА СУРОВ ТУТУН ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат тутун сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители (во натамошниот текст: производители) за суровиот тутун од родот на 1983 година им се обезбедува заштитна цена во просек од 108 динари за еден килограм.

Заштитната цена од став 1 на оваа точка ќе се применува за количините на суров тутун од родот на 1983 година што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини, во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Купувачите и производителите се должни при преземањето на тутунот од родот на 1983 година да се придржуваат кон Мерилата за класификација на тутунот, што се објавени како додаток на „Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/61 и претставуваат составен дел од Наредбата за измени и дополненија на Наредбата за откупните цени за тутун од родот на 1961 година.

3. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини ќе купуваат суров тутун од родот на 1983 година по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и преработка на суров тутун а до количините што договорно се утврдуваат со билансот на основните земјоделски производи на републиките односно на автономните покраини, а над тие количини откупот ќе го врши Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договор на Дирекцијата, организациите за резерви на републиките и организациите за резрви на автономните покраини, се утврдува начинот на извршувањето на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени во смисла на став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежната организација за резерви на републиката, односно кај организацијата за резерви на автономната покраина на чија територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрација на договорот е 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 495
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**777.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКАТА ПРОДАЖНА ЦЕНА ЗА СУРОВ ТУТУН ОД РОДОТ НА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдува производителска продажна цена во просек од 120 динари за суров тутун од родот на 1983 година, која ќе служи како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за

договарање на производството, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработка на суров тутун.

2. Производителските продажни цени по одделни сорти и класи на тутун се утврдуваат во рамките на просечната цена од точка 1 на оваа одлука.

3. Цените од точ. 1 и 2 на оваа одлука важат франко вагон и франко магазин — по избор на купувачот.

4. Организациите на здружен труд се должни при преземањето на суровиот тутун да се придржуваат кон Мерилата за класификација на тутунот, што се објавени како додаток на „Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/61 и претставуваат составен дел од Наредбата за измени и дополненија на Наредбата за откупните цени за тутун од родот на 1961 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 496
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган,** с. р.

---

**778.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНИТЕ ЦЕНИ ЗА ДОБИТОК ЗА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат добиток сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители (во натамошниот текст: производители) во 1983 година им се обезбедуваат заштитни цени за добитокот за колење, и тоа за:

| | Дин/kg топла полутка |
|---|---|
| **А. Свињи:** | |
| Месести свињи и нивни меѓусебни мелези, кои имаат најмалку 35% месо во полутки за I тежинска група, 34% месо во полутки за II тежинска група и 33% месо во полутки за III тежинска група, според југословенскиот стандард — месести свињи за индустриска преработка, — JUS E.C1.021/69, цена за еден килограм — | 83,00 |
| За свињи што содржат поголем процент на месо, цената се пресметува со примена на месеста единица од динар — — | 2,30 |
| Цените за свињи што содржат помал процент на месо или кои според своите карактеристики не спаѓаат во месести свињи, се намалуваат: за лесни и тешки свињи за 7%, а за месести за 15% во однос на пропишаната цена од став 1 на овој оддел. | |

Процентот на месо се утврдува на линијата за колење во однос на кланичната тежина на топлите полутки, според југословенскиот стандард. Месести свињи за индустриска преработка со JUS E.C1.021/69 според табелата б на тој стандард.

**Б. Говеда:**

*1) јунишња — јунешко месо*

Јунешкото месо мора да потекнува од машки некастрирани грла, кои во моментот на колењето не се помлади од шест месеци ниту постари од 18 месеци, односно да не изгубиле повеќе од еден чифт млечни предни заби, или од женски грла и кастрирани машки грла што во моментот на колењето не биле помлади од шест ниту постари од 30 месеци, и мора да ги исполнуваат следните услови:

| | |
|---|---|
| а) екстра класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 180 kg | 143,00 |
| б) I класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 150 kg | 138,90 |
| в) II класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 120 kg | 136,10 |
| г) надвор од класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 120 kg | 131,90 |

*2) говеда постари од 30 месеци — говедско месо*

| | |
|---|---|
| а) I класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 200 kg | 104,10 |
| б) II класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 150 kg | 95,90 |
| в) III класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 100 kg | 91,60 |
| г) надвор од класа | |
| Масата на обработениот труп пред ладењето мора да изнесува најмалку 100 kg | 88,00 |

**В. Овци:**

| | |
|---|---|
| 1) згоени јагнишња, од 5 до 12 месеци старост, што не изменише ниеден млечен заб: | |
| а) I класа, со тежина најмалку 20 kg, рандман најмалку 54% | 172,90 |
| б) II класа, со тежина најмалку 20 kg, рандман најмалку 50% | 161,60 |
| 2) згоени шилежишња, над 1 до 2 години, што имаат најмногу 2 постојани заби: | |
| а) I класа, со тежина најмалку 25 kg, рандман најмалку 52% | 152,80 |
| б) II класа, со тежина најмлку 25 kg, рандман најмалку 48% | 141,60 |

| | |
|---|---|
| 3) згоени овци и овни, над 2 години старост: | |
| а) I класа, до 5 години старост, со најмалку шест постојани заби, со тежина најмалку 30 kg, рандман најмалку 50% | 125,30 |
| б) II класа, до 5 години старост, со најмалку 6 постојани заби, со тежина најмалку 30 kg, рандман најмалку 46% | 119,00 |

2. Заштитните цени од точка 1 на оваа одлука ќе се применуваат за количините на добиток што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини во согласност со одредбите на оваа одлука.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за еден киголрам топли полутки, чија тежина и класа се утврдуваат на линијата за колење најдоцна 2 часа по колењето. Трошоците за оцена на месоста и за класификацијата се содржани во цената на чинењето на топлите полутки.

4. Транспортните трошоци за добиток, натоварен во камион или вагон (по избор на купувачот), лаѓаат врз товар на купувачот.

5. Цените од точка 1 на оваа одлука се однесуваат на квалитетот на добитокот, пропишан:

1) со Југословенскиот стандард — Месести свињи за индустриска преработка — JUS E.C1.021/69;

2) со Југословенскиот стандард — месо од говеда во трупови и полутки за индустриска преработка — JUS E.C1.022/74;

3) со Решението за Прописите за квалитетот на говедата и овците за колење и гоење (III изменето и дополнето издание) ПК-Е2 („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/69 и 55/69).

6. Преземање на добитокот по квалитетот вршат овластените стручни служби.

7. Согласно со член 21 од Оптшествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат добиток, односно топли полутки по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и преработка на добиток, а до количините што договорно се утврдуваат со билансите на основните земјоделски производи на републиките односно на автономните покраини, а над тие количини откупот ќе го врши Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договорот на Дирекцијата, на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини се утврдува начинот на извршувањето на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени во смисла на став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежните организации за резерви на републиките односно кај организациите за резерви на автономните покраини на чија територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрирање на договорите е 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 519
11 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**779.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ДОБИТОК ЗА КОЛЕЊЕ ЗА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдуваат производителските продажни цени за добиток за колење, и тоа:

| | Дин/kg топла полутка |
|---|---|
| **А. Свињи** | |
| Месести свињи и нивни меѓусебни мелези, кои имаат најмалку 35% месо во полутки за I тежинска група, 34% месо во полутки за II тежинска група и 33% месо во полутки за III тежинска група, по југословенскиот стандард — Месести свињи за индустриска преработка — JUS E.C1.021/69, цена за еден килограм | 92,20 |
| За свињите кои содржат поголем процент на месо, цената се пресметува со примена на месеста единица од динари | 2,49 |

Цената за свињите кои содржат помал процент на месо или кои по своите карактеристики не спаѓаат во месести свињи, се намалува за лесни и тешки свињи за 7%, а за месестите за 15% во однос на пропишаната цена од став 1 на овој оддел.

Процентот на месото се утврдува на линијата за колење во однос на кланичната тежина на топли полутки, според југословенскиот стандард — Месести свињи за индустриска преработка — JUS E.C1.021/69, според табелата б на тој стандард

**Б. Говеда:**

*1) телиња — телешко месо*

Телешкото месо, што потекнува од животни кои се хранети претежно со млеко или со еквивалентна замена за млеко и кои во моментот на колењето не биле постари од 6 месеци, мора да ги исполнува следните услови:

| | |
|---|---|
| а) екстра класа | |
| Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 40 kg, а не смее да биде поголема од 125 kg | 180,50 |
| б) I класа | |
| Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 30 kg, а не смее да биде поголема од 125 kg | 169,70 |
| в) II класа | |
| Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 25 kg, а не смее да биде поголема од 125 kg. | 165,10 |

г) надвор од класата

Масата на обработениот труп, пред ладењето, може да биде под 25 kg, или над 125 kg 160,50

*2) јунишња — јунешко месо*

Јунешкото месо мора да потекнува од машки некастрирани грла, кои во моментот на колењето не се помлади од 6 месеци ниту постари од 18 месеци, односно не изгубиле повеќе од еден чифт млечни секачи, или од женски грла и од кастрирани машки грла, кои во моментот на колењето не биле помлади од 6 месеци ниту постари од 30 месеци, и мора да ги исполнува следните услови:

а) екстра класа

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 180 kg 158,90

б) I класа

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 156 kg 154,30

в) II класа

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 120 kg 151,20

г) надвор од класата

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 120 kg 146,60

*3) говеда постари од 30 месеци — говедско месо*

а) I класа

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 200 kg 115,70

б) II класа

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 150 kg 106,50

в) III класа

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 100 kg 101,80

г) надвор од класата

Масата на обработениот труп, пред ладењето, мора да изнесува најмалку 100 kg 97,80

**В. Овци:**

1) Згоени јагниња, од 5 до 12 месеци старост, кои не измениле ниту еден млечен заб:

а) од I класа, со тежина најмалку 20 kg, рандман најмалку 54% 192,10

б) од II класа, со тежина најмалку 20 kg, рандман најмалку 50% 179,60

2) Згоени шилежиња, над 1 до 2 години старост, кои имаат најмногу 2 постојани заба:

а) од I класа, со тежина најмалку 25 kg, рандман најмалку 52% 169,80

б) од II класа, со тежина најмалку 25 kg, рандман најмалку 48% 157,30

3) Згоени овци и овни, над 2 години старост:

а) од I класа, од 5 години старост, со најмалку 6 постојани заби, со тежина најмалку 30 kg, рандман над 50% 139,20

б) од II класа, до 5 години старост, со најмалку 6 постојани заби, со тежина најмалку 30 kg, рандман најмалку 46% 132,20

2. Цените од точка 1 на оваа одлука служат како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за договарање на откупот и прометот на тие производи, и како основа за формирање на цените на производите добиени со преработка на добиток.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за еден килограм топли полутки, чија тежина и класа се утврдени на линијата за колење, најдоцна 2 часа по колењето. Трошоците за оцена на месоста и за класификацијата се содржани во цената на чинењето на топлите полутки, а изнесуваат еден промил од вредноста на топлите полутки.

4. Транспортните трошоци за добитокот, натоварен во камион или во вагон по избор на купувачот, паѓаат врз товар на купувачот.

5. Цените од точка 1 на оваа одлука се однесуваат на квалитетот на добитокот, пропишан:

1) со Југословенскиот стандард — Месести свињи за индустриска преработка — JUS E.C1.021/69;

2) со Југословенскиот стандард — Месо од говеда во трупови и во полутки за индустриска преработка — JUS E.C1.022/74;

3) со Решението за прописите за квалитетот на говедата и овците за колење и гоење (III изменето и дополнето издание) РК-Е2 („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/69 и 55/69).

6. Преземање на добитокот на неговиот квалитет вршат овластените стручни служби.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 499
5 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**780.**

Врз основа на член 55 став 2 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАШТИТНИТЕ ЦЕНИ ЗА ВОЛНА ЗА 1983 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат волна сами или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители (**во ната-**

мошниот текст: производители) во 1983 година им се обезбедуваат заштитни цени за волна и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) волна мерино екстра класа | 136,30 |
| 2) волна мерино I класа | 162,00 |
| 3) волна полумерино Iа класа | 147,40 |
| 4) волна полумерино Iб класа | 123,10 |
| 5) волна цигаја IIа класа | 98,80 |
| 6) волна цигаја IIб класа | 89,10 |
| 7) волна руда праменка IIIа класа | 77,80 |
| 8) волна руда праменка IIIб класа | 76,10 |

Заштитните цени од став 1 на оваа точка ќе се применуваат на количините волна што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини во согласност со одредбите на оваа одлука.

2. Цените на волната стрижена од јагниња (јарина) се пониски за 10% од ценитие на волната од иста класа од точка 1 на оваа одлука.

Цените на волната во боја се пониски за 15% од цените на волната од иста класа од точка 1 на оваа одлука.

Цените на бела табачка волна се пониски за 30% од цените на волната од иста класа од точка 1 на оваа одлука, а цените на табачка волна во боја или шарена — за 40% од соодветната цена за руска волна, ако поради симнување со хемиски средства волната не е битно оштетена. Ако оштетувањето е поголемо, купувачот и производителот согласно ја утврдуваат. цената, сразмерно со оштетувањето.

3. Цените се подразбираат врз база на испрана волна и се однесуваат на квалитетот на волната пропишан со југословенскиот стандард JUS F.B1.012 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на текстилната индустрија („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/72).

4. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко натоварено во вагон, брод или во друго превозно средство во местото на продавачот — по избор на купувачот.

5. Согласно со член 21 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат волна по цените од точка 1 на оваа одлука за количините што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и со преработка на волна — а до количините што договорно се утврдуваат со билансите на основните земјоделски производи на републиките, односно на автономните покраини, а над тие количини откуп ќе врши Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Врз основа на билансите, со договорот на Дирекцијата, на организациите за резерви на републиките и на организациите за резерви на автономните покраини се утврдува начинот на извршувањето на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите склучени во смисла на став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежната организација за резерви на републиката односно кај организацијата за резерви на автономната покраина на чија територија е седиштето на производителот.

Рокот за регистрација на договорите е 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 518
11 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**781.**

Врз основа на член 53 точка 8 од Општествениот договор за остварување на политиката за развој на агроиндустрискиот комплекс утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/82), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ВОЛНА ЗА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдуваат производителски продажни цени за волна, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) волна мерино екстра класа | 207,00 |
| 2) волна мерино I класа | 180,00 |
| 3) волна полумерино Iа класа | 163,80 |
| 4) волна полумерино Iб класа | 136,80 |
| 5) волна цигаја IIа класа | 109,80 |
| 6) волна цигаја IIб класа | 99,00 |
| 7) волна руда праменка IIIа класа | 86,40 |
| 8) волна руда праменка IIIб класа | 84,60 |

Цените од став 1 на оваа точка служат како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за договарање на производството, откупот и прометот на тие производи и како основ за формирање на цените на производите добиени со преработката на волна.

2. Цените на волна стрижена од јагниња (јарина) се пониски за 5% од цените на волна од иста класа од точка 1 на оваа одлука.

Цените на волната во боја се пониски за 10% од цените на волната од иста класа од точка 1 на оваа одлука.

Цените на бела табачка волна се пониски за 30% од цените од точка 1 на оваа одлука, а цените на табачка волна во боја или шарена — за 40% од соодветната цена за руска волна, ако поради симнување со хемиски средства волната не е битно оштетена.

3. Цените од точ. 1 и 2 се подразбираат врз база на испрана волна и се однесуваат на квалитетот на волната пропишан со југословенскиот стандард JUS F.B1.012 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на текстилната индустрија („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/72).

4. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат франко натоварено во вагон, брод или во друго превозно средство во местото на продавачот — по избор на купувачот.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 517
11 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**782.**

Врз основа на член 5 од Уредбата за посебните услови за испорака на електрична енергија („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/82), на предлог од Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИСПОРАКАТА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ

1. Сојузниот извршен совет утврдува дека настапиле услови за ограничување на испораката на електрична енергија од втор степен на ограничување во целата земја.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 511
11 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**783.**

Врз основа на член 347 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИВРЕМЕНО ПРЕСТАНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА КОНЗУЛАТОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ФЕЛДКИРХ — РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

1. Привремено престанува да работи Конзулатот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Фелдкирх — Република Австрија, со 31 декември 1982 година.

2. Сојузниот секретар за надворешни работи ќе се грижи за извршувањето на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 451
28 октомври 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**д-р Мијат Шуковиќ**, с. р.

---

**784.**

Врз основа на член 29 став 1 точка 10 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82 и 61/82) Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА, НА УРЕДИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ДИСТРОФИЧАРИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Решението за ослободување од плаќање царина на специфична опрема, на уреди и инструменти за потребите на Сојузот на здруженијата на дистрофичарите на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/81) во точка 1 по тар. број 84.51/1 се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.53/5 Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици.
Ех.
Периферни единици."

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 515
11 ноември 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

---

**785.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77, 22/78, 35/80 и 43/82), сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА СМЕТКИТЕ ЗА УПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НИВНИТЕ ФОНДОВИ, НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ, ЗА НАЧИНОТ НА УПЛАТУВАЊЕ НА ТИЕ ПРИХОДИ И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ТИЕ ПРИХОДИ

1. Во Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/80, 70/81, 34/82 и 67/32) во точка 35 став 1 во одредбата под 6 на крајот точката се заменува со точка и запирка и потоа се додава нова одредба под 7, која гласи:

„7) на сметката бр. 842-16 — Надомест за развој на рудниците на јаглен.".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На сметката во одредбата под 7 од став 1 на оваа точка се уплатуваат приходите од надоместите од точка 12 на Одлуката за највисоките цени на дериватите на нафта и за начинот на формирање на цените на дериватите на нафта („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/82)."

2. Во точка 52 ставот 1 се менува и гласи:

„52. Обврзниците за уплата на даноци, придонеси, такси и други приходи од оваа наредба (освен царини и царински давачки, основен и посебен републички, односно покраински данок на промет на производи, задолжителен заем на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и надомести за развој на рудниците на јаглен) ги уплатуваат тие приходи во корист на пропишаните сметки по општините кај надлежната служба на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката на општината."

Во став 2 на крајот се додава нова реченица, која гласи: „На уплатните сметки што се водат кај организационите единици на Службата на општественото книговодство во седиштето на републиката односно автономната покраина се уплатува и надоместот за развој на рудниците на јаглен.".

3. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6232/3
22 октомври 1982 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Јоже Флорјанчич**, с. р.

---

**786.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за составот на сојузните комитети („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/78, 1/80 и 41/80), претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

1. Се утврдува дека во Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита се делегирани:

а) од страна на определени сојузни органи на управата и сојузни организации, самоуправни организации и заедници и општествени организации во федерацијата, како нивни претставници, и тоа:

1) од Сојузниот секретаријат за надворешни работи:

Митја Крајгер, помошник на сојузниот секретар за надворешни работи;

2) од Сојузниот секретаријат за народна одбрана:

генерал-потполковник проф. д-р Станислав Пишчевич, началник на Санитетската управа;

3) од Сојузниот завод за општествено планирање:

Милорад Есаповиќ, директор во Сојузниот завод за општествено планирање;

4) од Стопанската комора на Југославија:

Љубомир Мацут, секретар на Координациониот одбор за кадри во стопанството на Стопанската комора на Југославија;

5) од Постојаната конференција на градовите и општините на Југославија:

Божидар Поповиќ, генерален секретар на Постојаната конференција на градовите и општините на Југославија;

6) од Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија:

Руди Брегар, претседател на Советот на Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија;

7) од Сојузот на заедниците на здравственото осигурување и на здравството на Југославија:

Живко Симоновски, вршител на должноста секретар на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување и на здравството на Југославија;

8) од Сојузот на самоуправните интересни заедници за вработување на Југославија:

Петар Кокаљ, претседател на Собранието на СИЗ за вработување на Југославија;

9) од Координациониот одбор на самоуправните интересни заедници на социјалната заштита на републиките и автономните покраини:

Баки Статовци, член на Координациониот одбор на самоуправните интересни заедници на социјалната заштита на републиките и автономните покраини;

10) од Координациониот одбор на републичките и покраинските заедници на детската заштита:

Цвета Филиповска, претседавач на Координациониот одбор на републичките и покраинските заедници за детска заштита;

б) од страна на извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, како нивни претставници, и тоа:

1) од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина:

проф. д-р Сеад Бркѝќ, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за здравство и социјална заштита;

Мате Пачак, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд и вработување;

2) од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора:

Драгослав Ѓурановиќ, член на Извршниот совет и републички секретар за труд, здравство и социјална заштита;

Момчило Вешовиќ, помошник на републичкиот секретар за труд, здравство и социјална заштита;

3) од Извршниот совет на Саборот на Социјалистичка Република Хрватска:

д-р Младен Радмиловиќ, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за здравствена и социјална заштита;

Милан Пушкариќ, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд и вработување;

4) од извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија:

Каменчо Ѓоргов, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика;

Андон Мојсов, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд;

5) од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија:

Борут Миклавчич, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за здравствена и социјална заштита;

Петар Тош, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд;

6) од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Србија:

д-р Никола Шуменковиќ, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за здравје и социјална политика;

Марија Тодоровиќ, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд;

7) од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина:

д-р Стеван Новаков, член на Извршниот совет и претседател на Покраинскиот комитет за здравје и социјална политика;

Иштван Тот, член на Извршниот совет и претседател на Покраинскиот комитет за труд;

8) од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово:

д-р Стеван Бољошевиќ, член на Извршниот совет и претседател на Покраинскиот комитет за здравство и социјална политика;

Ибиш Красниќи, член на Извршниот совет и претседател на Покраинскиот комитет за труд.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за утврдување на составот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/78 и 52/80).

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3224
12 ноември 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита,
д-р **Ѓорѓе Јаковљевиќ**, с. р.

**787.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ИНДУСТРИСКИ ДИГАЛКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за индустриски дигалки, кој го има следниот назив и ознака:

Индустриски дигалки. Профили на површина за тркалање на тркала JUS M.D1.099

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

